- Смејат ли родителите да ги посетуваат или набљудуваат децата,
- Како ќе добиете преведувач ако не зборувате англиски јазик,
- За вашите потреби и за тоа како очекувате да бидат одгледувани вашите деца,
- Ако не се согласувате вашите деца да учествуваат во некои активности,
- Дали во центарот се задоволуваат културните, јазичните или религиозните потреби,
- Како да учествувате во управувањето со овие детски центри.

## Облека

Детските алишта често се валкаат во текот на игрите.

Доколку имате некои прашања во однос на здравството и безбедноста на детето, јавете се кај координаторите кои ќе бидат спремни да ви помогнат.

## Детска Грижа во Австралија

Програмите за детска грижа во Австралија можеби се разликуваат од оние во вашата татковина. Децата формираат вештини и самодисциплина во текот на игрите и активностите како што се:.

- Бојадисување
- Ребуси
- Музика
- Лепење
- Коцки
- Книги
- Пластелина (игри со тесто)
- Градежен прибор
- Раскажување на приказни
- Играње со песок и вода и други надворешни активности

Децата учат вештини и ги развиваат мускулите на телото со координација преку употреба на четкички и со употреба на прстите, рацете и нозете.

Играјќи со вода тие ја развиваат координацијата на очите и рацете.

Во текот на игрите децата ги развиваат своите говорни вештини и ја зголемуваат способноста за концентрација.

## Каде да Најдете Помош

За понатамошни информации, стапете во контакт со:

Migrant Resource Centre, Welfare Centre, Community Health Centre, Community Services Section во вашиот Local Council, Ethnic Child Care Unit, или:

Department of Health Housing Comunity Services во Сидней, на телефон **(008) 04 8998** (телефонскиот повик е бесплатен). За оние кои живеат во другите делови на Нов Јужен Велс, можат да телефонираат на **(008) 112 477** Телефонската преведувачка служба во Сидней може да се добие на телефон **(02) 221 1111**.

M PRESS
02 568 3844
AUGUST 1991

Federal Department of
Health, Housing and Community Services

MACEDONIAN

AUSTRALIA
An Australian Government
Initiative for Ethnic Families

# ДЕТСКА ГРИЖА: НИЕ ПОМАГАМЕ

(CHILD CARE: WE HELP)

MACEDONIAN